ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОЧЕТОК НА ПРОЦЕСОТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН

| | |
|---|---|
| **Назив на министерството** | Министерство за правда |
| **Назив на предлог законот** | **ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ И НА ДРУГИТЕ ПРОПИСИ И АКТИ ВО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“.** |
| **Краток опис на проблемот** | Потребата од донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за објавување на законите и на другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија“ произлегува од значителниот и континуиран пад на бројот на претплатници на печатеното издание во изминатите години, што доведе до намалување на економската оправданост за негово масовно печатење. Истовремено, трошоците за печатење и дистрибуција бележат нагорен тренд, при што цената на печатарските услуги и поштенските трошоци е зголемена за повеќе од 300 % во последните три години. Зголемувањето на цената на трошоците за печатење се должи и поради тоа што во нашата пазарна економија, во дејноста на печатараските услуги постои дуопол, што значи дека само две фирми – печатници поседуваат машини за весникарски рото-печат.<br>Овој податок го прави издавањето на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во печатена форма финансиски неодрживо, односно резултира со високи финансиски загуби во работењето, кои не можат да се компензираат преку приходите од неговата претплата.<br>Со последните измени и дополнувања на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија“, објавени во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 21/21), следејќи го примерот на развиените европски земји, како и напредокот на информатичката технологија, се воведе издавањето на службеното гласило „Службен весник на РСМ“ во електронска форма, која има иста правна важност со службеното гласило во печатена форма. Согласно со член 7 став 6 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија“ доколку се појави неусогласеност помеѓу текстот и содржината на електронското и печатеното издание, за точен, односно правно важен ќе се смета текстот објавен во електронското издание.<br>Согласно со горенаведеното, електронската форма на службеното гласило „Службен весник на РСМ“ е официјална, правно валидна и широко користена од државните институции, деловните субјекти и граѓаните, што дополнително ја намалува реалната потреба од печатено издание. Издавањето на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во печатена форма над рамките на законски задолжителните примероци и негово печатење по потреба, на начин утврден со акт на Управниот одбор, претставува неоправдан финансиски товар. |

| | |
|---|---|
| **Цел на предлог законот** | Целта на овие измени и дополнувања на Законот за објавување на законите и на другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија“ е да се ограничи издавањето на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во печатена форма, така што печатеното издание ќе би се обезбедувало само како задолжителен примерок согласно со Законот за издавачка дејност, како и по исклучок, во случаи кога ќе се утврди потребата од негово издавање од страна на Управниот одбор на претпријатието. |
| **Временската рамка за изготвување на Предлогот на законот** | I квартал 2026 година |
| **Начин на вклучување на засегнатите страни** | - Барања за писмени мислења, забелешки и сугестии од засегнатите страни и институции |
| **Најава за јавен увид и јавна расправа** | Да, ставен на јавен увид на ЕНЕР |
| **Електронска адреса каде засегнатите страни ќе можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР** | ener.gov.mk<br><br>http:www.pravda.gov.mk |
| **Адреса и/или електронска адреса каде ќе можат да се достават мислењата, забелешките и сугестиите** | Министерство за правда<br>ул.„Димитрие Чуповски“ бр. 9, 1000 Скопје<br><br>nprokopenko@justice.gov.mk<br>nmikeska@justice.gov.mk |
| **Одговорно лице за контакт во Министерството** | Никола Прокопенко - државен советник<br>Николина Микеска – раководител на сектор<br>nprokopenko@mjustice.gov.mk<br>nmikeska@justice.gov.мк |
| **Други информации** | |